## НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Скопје, 29.07.2011 година

**Заклучоци и препораки од 18.седница на НСП**
одржана на ден 29.07.2011 година

**1. Усвојување на записникот од 17.седница на Националниот Совет за платни системи на Република Македонија (НСП).**

Советот го усвои записникот од 17.седница на НСП.

**2. Ажурирање на матрицата за следење на имплементацијата на Стратегијата за развој на платниот систем на Република Македонија 2007-2011.**

Советот ја прифати ажурираната матрица за следење на имплементацијата на Стратегијата за развој на платниот систем до 2011 година

**3. Подготвителни активности за нова Стратегија за развој на платниот систем на Република Македонија 2012-2016.**

Имајќи ги во вид постојниот степен на развој на платните системи во Република Македонија, натамошните активности поврзани со евроинтеграционите процеси на земјата во овој домен, како и стекнатите сознанија од активностите за имплементација на првата Стратегија, НСП за изработка на новата Предлог стратегија за развој на платните системи 2012-2016, се договри за следното:

- Формирање на работна група (РГ) за изработка на Предлог стратегија во следниот состав:
  1. Емилија Нацевска, НБРМ, координатор на РГ
  2. м-р Биљана Митевска, Комерцијална банка АД Скопје
  3. Ленче Тагасовска, Министерство за финансииж
  4. м-р Тони Мирчески, НБРМ
  5. Горан Милетиќ, НБРМ
- РГ да обезбеди предлози и мислења од институциите кои ги претставуваат, од другите учесници во платните системи и системите на порамнување на хартии од вредност, од координаторите на одделните РГна НСП, како и од корисниците на платните услуги пошироко (предлози од стопанските комори во земјата, здружението на потрошувачите и сл.);
- РГ да подготви акционен план за изработка на Предлог стратегијата;

**Народна банка на Република Македонија**
Бул.Кузман Јосифовски Питу бр.1., 1000 Скопје, Република Македонија
Телефони: 02 3108-108 (Централа); 02 3108-282
Факс: 02 3108-357 (Централа); 02 3122-109
**www.nbrm.gov.mk**

- На интернет страницата на НБРМ да се обезбеди простор за прибирање на предлози и мислења за идниот развој на платните системи, како и за други активности поврзани со изработката на Предлог стртегијата.
- Предлог стратегијата да биде доставена за разгледување на следната седница на НСП, која се планира за почетокот на декември 2011год.

**4. Измена на Деловникот на Националниот Совет за платни системи на Република Македонија.**

НСП ја усвои измената на Деловникот на Националниот Совет за платни системи на Република Македонија.

Новиот член 14 од Деловникот на Националниот Совет за платни системи на Република Македонија се менува и гласи:

"Член 14

Заклучоците и препораките на Советот се објавуваат на интернет страната на Народна банка на Република Македонија и се доставуваат до институциите потписници на Спогодбата за основање на Советот, коишто согласно националниот правен систем имаат надлежност за нивна практична имплементација."

**5. Предлог за постојано учество во работата на НСП на претставници од Комисијата за хартии од вредност, Клириншката куќа КИБС АД Скопје и Касис Ад Скопје**

Согласно со член 5 од Спогодбата за основање на Национален Совет за платни системи на Република Македонија, НСП на 18.седница одлучи во работата на НСП од наредната седница постојано да учествуваат и претставници на Комисијата за хартии од вредност, Клириншката куќа КИБС АД Скопје и Касис АД Скопје. За реализација на истото, претседателот на НСП ќе достави писмена покана до овие институции за номинирање на нивни претставници за постојано учество во работата на НСП.

Емилија Нацевска,с.р.
Претседател на
Националниот Совет за Платни Системи
Советник координатор на гувернерот